Бр. 20-478/3
Скопје, 05.05.2023 година

ЗАПИСНИК
од седница на ЦИК одржана на ден 25.04.2023 година

Седницата ја отвори претседателот на Комисијата, д-р Ненад Цветановски, кој евидентираше присуство на сите членови на Комисијата и тоа: д-р Костадин Митев, д-р Милан Нацевски, д-р Ридван Алили и д-р Ибела Факиќ.

Седницата започна во 09:00 часот, а откако утврди кворум за работа, претседателот на ЦИК, д-р Цветановски, го предложи следниот дневен ред:

1. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата одржана на ден 13.04.2023 година;
2. Разгледување и одлучување по доставени материјали од повторно одржани Собири на доктори во РО ТЕТОВО и РО СВЕТИ НИКОЛЕ;
3. Разно.

Предлог-дневниот ред беше едногласно усвоен од присутните, без измени и дополнувања.

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од седницата одржана на ден 13.04.2023 година**

Записникот од претходната седница на ЦИК, одржана на ден 13.04.2023 г., едногласно беше усвоен, без забелешки од присутните членови на Комисијата.

2. **Разгледување и одлучување по доставени материјали од повторно одржани Собири на доктори во РО ТЕТОВО и РО СВЕТИ НИКОЛЕ**

Материјалите од одржаните Собири во сите Регионални одбори се доставени во архивата на Комората и сите се заведени со соодветен архивски број.

Согласно повторно одржаните Собири на доктори во Тетово и Свети Николе во периодот одреден од Централната изборна комисија и доставените материјали од Собирите се констатира следното:

- Согласно Записникот од Собирот на доктори во РО ТЕТОВО одржан на ден 20.04.2023 г., заведен во Комората под арх.бр. 20-482/1 од 24.04.2023 година и Листата на предложени кандидати за членови на РИК арх. бр. 20-482/2, ЦИК ја утврди **Листата на предложени кандидати за членови на <u>РО ТЕТОВО</u>** и тоа:
  1. **Бобан Антоски**
  2. **Денис Бафтијари**
  3. **Ќенан Ферати**

4. **Линдихана Емини**
5. **Седат Алиу**
6. **Томислав Ацевски**
7. **Фатмир Ахмеди.**

Согласно Записникот од Собирот на доктори во РО СВЕТИ НИКОЛЕ одржан на ден 24.04.2023 г., заведен во Комората под арх.бр. 20-483/1 од 24.04.2023 година и Листата на предложени кандидати за членови на РИК, ЦИК ја утврди **Листата на предложени кандидати за членови на <u>РО СВЕТИ НИКОЛЕ</u>** и тоа:

1. **Зоран Нунев**
2. **Кире Алексов**
3. **Лидија Арсова**
4. **Љупка Давитков**
5. **Павле Јованчев**
6. **Славица Митевска**
7. **Трајче Стојковски.**

За утврдените Листи на предложени кандидати за членови на горенаведените Регионални одбори ќе се изготват соодветни **РЕШЕНИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА РО.**

ЦИК ги разгледа и доставените Листи на предложени кандидата за членови на РИК и ги потврдија следните **<u>Листи на предложени кандидати за членови на РИК</u>** во соодветните региони и тоа:

Се потврдува Листата на предложени кандидати за членови на **регионална изборна комисија (РИК)** во Регионален одбор ТЕТОВО, арх. број во Комората бр. 20-482/10 од 24.04.2023 година:

1. **Зилбехар Мемеди**
2. **Агрон Арифи и**
3. **Стевко Веселиноски.**

Се потврдува Листата на предложени кандидати за членови на **регионална изборна комисија (РИК)** во Регионален одбор СВЕТИ НИКОЛЕ, арх. број во Комората бр. 20-483/10 од 24.04.2023 година:

1. **Софија Гаврилова**
2. **Хелена Давитков и**
3. **Ѓоко Поповски.**

3.Разно

Членовите на Централната изборна комисија констатираа дека со оглед на фактот дека Собирите на доктори во сите региони се завршени, а Листите на предложените кандидати за членови во сите Регионални одбори се утврдени, може да се определи датум на одржување на избори. По кратка дискусија, членовите го утврдија датумот за одржување на избори во

сите Регионални одбори - **04.05.2023 година.** Известување за датумот на одржување на избори ќе се објави на веб-страната на Комората.

Изготвено е и Упатство за одржување на изборите, кое ќе се прати до членови на Регионалните изборни комисии (РИК) и членовите на избирачките одбори (ИО).

На ден 28.04.2023 г. (петок) преку платформата ЗООМ ќе се одржи онлајн состанок со членовите на РИК и ИО за да достават информација за местото на одржување на изборите. По доставување на бараните податоци од РИ/ИО, ЦИК преку веб-страната и во два дневни весници ќе објави кои избирачки места се определени, датум и време на гласање и документи потребни за гласање.

Ќе се подготви избирачкиот материјал (конечен избирачки список на РО, гласачки кутии запечатени и обележани со логото на Комората, гласачки ливчиња со логото на Комората, реден број запишан само на кочанот на гласачкото ливче, упатство за одржување на избори и начин на гласање, коверти за неважечки, важечки и неискористени ливчиња), кој ќе се достави до сите Регионални одбори, односно до РИК, почнувајќи од 01. Мај. Претседателите на РИК од скопските регионални одбори, избирачките материјали ќе ги подигнат од Комората на ден 03.05.2023 година.

Следната седница на Централната изборна комисија се закажува за ден **05.05.2023 г.** (петок) во 17:00 часот.

По исцрпување на дневниот ред, претседателот на ЦИК, д-р Цветановски, ја затвори седницата.

Седницата заврши во 10:50 часот.

Записничар, _____

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Централната изборна комисија
Претседател,
д-р Ненад Цветановски
М.П. _____